ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.10/24
28.06.2024 год.
Кратово

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Основен суд Кратово

**ВРСКА:** Ваше барање од 21.06.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр.101/2019) во прилог Ви се доставува Решението СПИ.бр.10/24 од 28.06.2024 година по бараните информации.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.10/24
28.06.2024 год.
К р а т о в о

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] примено на 26.06.2024 година, имателот на информацијата Основен суд Кратово на ден 28.06.2024 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информации од јавен карактер кои се однесуваат на Статистички податок за вкупниот број на завршени и тековни предмети за наведените кривични дела и бројот под кој се евидентирани, статистички податок за вкупниот број на предмети за кои било штиклирано полето „криминал од омраза“ во електронскиот „case managment“ систем и достава преку е-мајл или по пошта на сите правосилни и неправосилни судски одлуки, ако не се достапни преку порталот www.sud.mk во периодот од 01 јануари 2019 година до денес, СЕ УВАЖУВА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] имателот на информацијата Основен суд Кратово Ви ги доставува следните информации:

1. Во Основен суд Кратово во периодот од 01 јануари 2019 година до денес 28.06.2024 година предмети во врска со наведените кривични дела во барањето се следните:
   - Телесна повреда по чл.130 ст.2 од КЗ - има два предмети во 2019 година – (К.бр.10/19 и 15/19) и еден предмет во 2020 година (К.бр.50/20).
   - Загрозување на сигурноста по чл.144 ст.3 од КЗ – има еден предмет во 2020 година (К.бр.33/20) и еден во 2024 година (К.бр.4/24).

2. Во Основен суд Кратово во периодот од 01 јануари 2019 година до денес 28.06.2024 година нема ниту еден предмет за кој што во електронскиот „case managment“ - АКМИС систем било штиклирано полето „криминал од омраза“.
3. Пресудите по наведените предмети се објавени на судскиот портал www.sud.mk.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Основен суд Кратово на 28.06.2024 година, под СПИ.бр.10/24

По овластување на Претседателот на судот
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
* Кратово *